Europäisches
Patentamt
European
Patent Office
Office européen
des brevets




# Систем на Унитарен Патент

Да ја направиме
Европа попривлечна за
иновации и инвеститори

**Септември 2024 година**

# Унитарниот патент

ќе ја поттикне конкурентноста на Европа со тоа што ќе го надополни и зајакне постоечкиот централизиран европски систем за доделување на патенти. Заедно со Обединетиот суд за патенти, им обезбедува на корисниците економична опција за заштита на патенти и разрешување спорови низ цела Европа, поттикнувајќи истражување, развој и инвестиции во висока технологија. Ова се клучните чекори за реализација на единствен пазар за технологија на ЕУ.



# ЕПЗ и фрагментираниот патентен систем по доделувањето на патент во Европа



Како канцеларија за патенти за Европа, Европскиот патентен завод (ЕПЗ) поддржува иновации, конкурентност и економски раст ширум Европа. ЕПЗ не е институција на ЕУ, туку посебна меѓувладина институција воспоставена врз основа на Европската патентна конвенција (ЕПК).

Централно, ЕПЗ ги разгледува и доделува **Европските патенти** во името на 39 држави-потписнички на ЕПК, каде што спаѓаат не само државите-членки на ЕУ, туку и неколку други државите кои не се членки на ЕУ. Тоа на инвеститорите им ги намалува трошоците за паралено аплицирање за патент во неколку национални патентни заводи и истовремено обезбедува висококвалитетно доделени патенти.

Сепак, доделен Европски патент не е унитарно право, туку пакет национални патенти, што значи дека мора да се валидира и одржува поединечно во секоја држава каде што ќе влезе во сила. Овој процес може да биде бавен и скап со оглед на тоа дека документите за патентот наметнуваат трошоци можеби за превод на други јазици, за национална валидација и давачки за одржување кои се плаќаат посебно, како и трошоци за ангажирање адвокати и за обезбедувачи на услуги.

**Овој процес може да биде бавен и скап, треба да се плаќаат давачки, а се собираат трошоците во различните држави.**

# Унитарен патент: поедноставна и поопфатна заштита на патенти по пониска цена

**Унитарниот патент** ги елиминира овие недостатоци со тоа што им овозможува на инвеститорите да добијат поедноставна и поевтина патентна заштита за целата територија на државите-членки на ЕУ кои учествуваат во системот.

Централизираната постапка пред-доделување на ЕПЗ е сега надополнета со централизирана постапка за пост-доделен патент: наместо валидирање на нивниот Европски патент во неколку држави поединечно, носителите сега можат да стекнат Унитарен патент со тоа што ќе достават единствена пријава во ЕПЗ којшто има улога на едношалтерска служба која е исто така одговорна за централно администрирање на Унитарниот патент и на сродните плаќања на давачките. На тој начин значително се намалува и бирократијата и трошоците. Фрагментираниот систем за пост-доделување подразбираше плаќање на различни износи на давачки за одржување, во различни валути на различни национални патент-служби коишто исто така имаат и различни правни прописи, особено во смисла на временски рокови. Сега носителите на Унитарниот патент плаќаат единствена давачка за обновување, во единствена валута и според единствен режим на временски рокови и прифатени методи на плаќање. Тоа не само што го прави процесот многу поедноставен, туку и отвора потенцијал за масовни заштеди на трошоци со оглед на тоа дека носителите можат самите да се грижат за сета администрација поврзана со пост-доделување.

Уште повеќе, барањата за Унитарни патенти се целосно бесплатни, што значи нема давачки за пријавување, разгледување или регистрација што треба да му се платат на ЕПЗ за ова. Давачката за одржување на Унитарен патент е исто така утврдена на мошне атрактивно и деловно-исплатливо ниво: вкупиот трошок за одржување за првите десет години, што е просечен животен век на патент доделен од ЕПЗ, ќе биде помалку од 5000 ЕУР.

### Давачки за обновување на Унитарен патент

| | | | |
|---|---|---|---|
| – | — | 11-та година | **€ 1 460** |
| 2-ра година | **€ 35** | 12-та година | **€ 1 775** |
| 3-та година | **€ 105** | 13-та година | **€ 2 105** |
| 4-та година | **€ 145** | 14-та година | **€ 2 455** |
| 5-та година | **€ 315** | 15-та година | **€ 2 830** |
| 6-та година | **€ 475** | 16-та година | **€ 3 240** |
| 7-та година | **€ 630** | 17-та година | **€ 3 640** |
| 8-ма година | **€ 815** | 18-та година | **€ 4 055** |
| 9-та година | **€ 990** | 19-та година | **€ 4 455** |
| 10-та година | **€ 1 175** | 20-та година | **€ 4 855** |

— Дополнителна давачка за задоцнето плаќање на давачка за обновување = 50% од задоцнетата давачка за обновување (член 2(1), ред 2, RFeesUPP)
— Намалување на давачката за обновување од 15% во случај на лиценца на право (Правило 12, чл. 3 давачки)



Унитарниот патент ги опфаќа следниве 18 држави: Австрија, Белгија, Бугарија, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Романија, Холандија, Португалија, Словенија, Шведска.

**Повеќе информации за трошоците на Унитарен патент во споредба со еквивалентна заштита во само четири водечки европски држави според класичниот Европски патентен систем има на ЕПЗ вебсајтот.**

Иако Унитарниот патент има потенцијал да ги опфати сите држави членки на ЕУ, тековно заштита има само во 18 од нив. Други држави може да се приклучат во иднина. За да се биде дел од Унитарниот патент, државите-членки на ЕУ мора да учествуваат во зајакната соработка (засега 25 учествуваат) и да го имаат ратификувано Договорот за обединет суд за патенти (UPCA).

# Обединетиот суд за патенти (UPC): централизирана примена и зголемена правна сигурност

## Централизирана примена преку новиот Обединет суд за патенти

Правната примена, исто така, станува многу поедноставна. Претходно, националните судови имаа исклучива надлежност за споровите за патенти. На пример, тужбите за отповикување против Европските патенти мораа да се достават пред националните судови, но судските одлуки важеа само на територијата на таа држава. Тоа понекогаш можеше да значи дека мора да се водат паралелни судски спорови во различни држави-членки, а фрагментацијата што произлегуваше оттаму не само што беше скапа и мошне сложена за сите страни, туку и повлекуваше ризик од спротивставени национални одлуки.

Новиот Обединет суд за патенти (UPC) воведува униформна, специјализирана и ефикасна рамка за патентни спорови на европско ниво, воспоставена во согласност со меѓународен договор - UPCA - Судот има надлежност за спорови, вклучувајќи и повреди и поништувања поврзани со Унитарните патенти како и со класичните Европски патенти (иако ќе се применуваат некои исклучоци за вторите во текот на преодниот период до 31 мај 2030 година). Специјализираниот суд е ефективен нов форум за спроведување и стекнување на патенти кои им носат придобивки на инвеститори, трети страни како и на општата јавност. Носителите на патенти сега можат да ги спроведат своите патенти поефикасно, додека третите страни и општата јавност можат да бараат поништување на Европски и Унитарни патенти во една централизирана постапка. Со ова се става крај на паралелните спорови за еден ист патент во различни држави така што судењето станува значително поевтино. Исто така, Судот ја зајакнува правната сигурност со тоа што го елиминира ризикот од спротивставени национални одлуки и со усогласување на судската практика..

# Поттик за трговија и инвестиции

**Според една студија, ако државите-членки на ЕУ се усогласат со најдобриот постоечки стандард за заштита на патенти, тоа ќе создаде потенцијал за зголемување од 2% на годишниот трговски прилив и 15% на годишниот прилив на СДИ.**

Веќе се знае дека индустриите со натпросечна примена на интелектуалната сопственост, а особено патентите, придонесуваат повеќе во БДП како и во надворешната размена. Сепак, нивниот придонес во протокот на трговијата и на странските директни инвестиции (СДИ) меѓу државите на ЕУ е сè уште ограничен, што укажува на неискористен потенцијал за постигнување на единствен ЕУ-пазар за технологија. Фрагментацијата на претходниот Европски патентен систем, несомнено, влијаеше на ограничувањето на циркулацијата на патентирани пронајдоци меѓу државите во ЕУ. Повеќето Европски патенти беа валидирани само во неколку држави-членки на ЕУ за да се заштеди на трошоците за нивно валидирање и одржување.

Усогласувањето на заштитата на патентот што произлезе од Унитарниот патент се очекува да има позитивно влијание врз трговијата и протокот на СДИ во индустриите каде се застапени ИС и технологија. Според студија направена од ЕПЗ во соработка со Универзитетот на Колорадо Болдер и Лондонската школа за економија, ако државите-членки на ЕУ се усогласат со најдобриот постоечки стандард за заштита на патенти, тоа ќе создаде потенцијал за зголемување од 2% (14,6 милијарди ЕУР) на годишниот трговски прилив и зголемување од 15% (1,8 милијарди ЕУР) на годишниот прилив на СДИ во овие индустрии во ЕУ.

Исто така, широката територијална заштита што ја нуди Унитарниот патент ќе поттикне трансфер на прекугранични технологии како и соработка меѓу европските држави. Централен регистар со информации за правниот статус на трансфери на Унитарни патенти и лиценци - вклучувајќи ги и лиценците за права - ќе помогне да се воспостави ефикасен пазар за трансфер на технологија во државите-членки учеснички. И пазарот на технологија ќе биде поинклузивен: ќе ги олеснува трансферите на технологија и соработката во истражувањата со страни лоцирани во државите каде што Европските патенти досега биле ретко валидирани. Конечно, трансферите на технологија исто така ќе имаат корист од намалените давачки за одржување што ќе им бидат на располагање на носителите на патенти кои доделуваат лиценци.



# Повеќекратни придобивки за претпријатија, особено за МСП, стартап организации и универзитети

**МСП и стартап организации ќе бидат во подобра положба да одлучат дали и кога да се надградат и да влезат на нови пазари.**

Новиот систем за Унитарни патенти нуди многу придобивки за апликанти, особено за оние со ограничени ресурси, како што се малите и средните претпријатија (МСП), стартап организациите и универзитетите, од коишто во голема мера зависи иднината на европската економија.

Правата од интелектуална сопственост имаат клучна улога во обезбедувањето помош на овие мали ентитети да донесат нови технологии на пазарот. Тие им овозможуваат да ги пожнеат придобивките од својата креативност, инвентивност и инвестиции и на тој начин да стимулираат натамошни инвестиции и иновации.

Многу мали ентитети што користеле патенти во минатото се потпирале на националните права. Како резултат на тоа, тие честопати завршувале без никаква ефективна заштита на своите пронајдоци во Европа или со заштита само во многу мал број на држави. Системот за Унитарни патенти ги надминува бирократските и финансиските пречки со кои се соочуваат овие мали ентитети при влезот на пазарот на ЕУ со својот изум, а со тоа им овозможува подобро да се натпреваруваат со нивната конкуренција. МСП и стартап организациите што ќе регистрираат Унитарен патент ќе бидат во подобра положба да одлучат дали и кога да се надградат и да влезат на нови пазари, во зависност од успехот на производот или од новите деловни можности на другите ЕУ-пазари. Унитарниот патент на истражувачките институции им нуди широка заштита за ветувачки пронајдоци во рана фаза, олеснувајќи ги прекуграничните партнерства и трансферот на технологии како што ќе созрева технологијата.

Фрагментираниот систем обезбеден со класичниот Европски патент – со сите негови сложености и можната потреба од паралелни судски процеси во повеќекратни надлежности – исто така практично им оневозможува на малите ентитети ефективно да се справат со судските процеси за патенти, било да е во улога на тужители и на обвинети. Намалените трошоци на судските процеси во Обединетиот суд за патенти сега гарантира дека пристапот до правда и примената на заштитата на патентот веќе не зависат од финансиската моќ.

Исто така, постои шема за надоместок и намалување на давачките за оние кои имаат ограничени ресурси. Физички лица, МСП, непрофитни организации, универзитети и јавни истражувачки организации кои ќе достават успешни апликации на службен ЕУ-јазик различен од англиски, француски или германски, имаат право на паушален надоместок од 500 ЕУР за нивните трошоци за превод.

Уште поважно, давачките во Судот се фиксирани за да се постигне вистинската рамнотежа меѓу странки кои даваат адекватен придонес кон трошоците и примената на принципот на фер пристап до правда. На пример, правилата за судските давачки вклучуваат мерки што гарантираат дека МСП плаќаат намалена стапка од само 60%. Исто така, кога едно МСП презентира разумни докази дека износот на судските давачки се закана за неговиот економски опстанок, Судот може да му врати дел или целиот износ од тие давачки. За уште повеќе да се ограничи ризикот од судењето, Судот може исто така да утврди максимална сума за поврат на трошоци на страната-победник ако трошоците се закана за економското опстојување на страната што губи.

# Кога започна новиот систем?

Новиот систем на Унитарен патент влезе во сила **на 1 јуни 2023 година**, кога започна со работа Обединетиот суд за патенти.



**Објавено и уредено од**
European Patent Office
© EPO септември 2024 година
epo.org/unitary

**Одговорни за содржината:**
Directorate Patent Developments & IP Lab (D 5.2.1)
and Unitary Patent Division (D 5.3.2.2)

**Адреса:**
Bob-van-Benthem-Platz 1 | 80469 Минхен | Германија

**Tel.:**
+49 89 2399-0

**Е-пошта:**
support@epo.org

Овој превод е поддржан од Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија.